**20261392028**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 42 став (5) од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), министерот за дигитална трансформација, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ПОТРЕБНИТЕ СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ И ПОСЕБНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ НА ОВЛАСТЕНОТО ЛИЦЕ ЗА СТРУЧЕН НАДЗОР

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат потребните стручни квалификации и посебните компетенции на овластено лице за стручен надзор.

Член 2

(1) За стручен надзор се овластува лице кое ги исполнува условите за административен службеник утврдени со закон и кое ги има следните стручни квалификации:

- има стекнато 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование од областа на ИКТ, телекомуникации, безбедност или право и
- ги исполнува општите и посебните услови утврдени со актот за систематизација на работните места на надлежниот орган.

(2) За стручен надзор може да бидат овластени и лица од Регистар на независни ревизори за сајбер безбедност кои се ангажирани и добиле овластување за конкретен стручен надзор, доколку надлежниот орган нема човечки капацитети за вршење на конкретниот надзор.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, не се применуваат одредбите од овој правилник.

Член 3

(1) Овластеното лице за стручен надзор треба да ги има следните посебни компетенции:

- технички компетенции и
- компетенции за сајбер безбедност.

(2) Секоја компетенција од ставот (1) на овој член, е опишана со назив, дефиниција и ниво (основно, средно и напредно).

Член 4

За стручен надзор се овластува лице кое ги исполнува следните технички компетенции:

- напредно ниво на познавање на дизајнот, функциите и одржувањето на компјутерските системи;
- напредно ниво на познавање на дизајнот, структурата и безбедноста на оперативните системи;
- напредно ниво на знаење поврзано со дизајнот, инсталацијата и одржувањето на компјутерските мрежи;
- напредно ниво на познавање на развој на алатки и скрипти за автоматизирање на задачите во сајбер безбедноста;
- напредно ниво на способност да се собираат, анализираат и презентираат податоци јасно и ефективно;
- напредно ниво на способноста да се користат статистички техники за да се идентификуваат трендови или модели;
- напредно ниво на познавање на идентификување и проценка на потенцијални кибер ризици за организацијата, како и

- напредно ниво на разбирање на алгоритмите за машинско учење за да се идентификуваат модели или трендови.

Член 5

За стручен надзор се овластува лице кое ги исполнува следните компетенции за сајбер безбедност:

- напредно ниво на познавање на соодветни стандарди, најдобри практики и законски барања врз основа на видот на ИТ секторот и бизнис процесите;
- напредно ниво на разбирање на основите на компјутерските системи и концептите и технологиите за мрежна безбедност;
- напредно ниво на познавање на алатките за сајбер безбедност, нивните работни методи, имплементација и одржување;
- напредно ниво на анализа на ранливоста, разбирање на процесот на идентификување и оценување на слабостите и приоритизирање на нивното ублажување;
- напредно ниво на знаење за анализа на штетен софтвер и разбирање на тактиките, техниките и процедурите на сајбер заканите;
- напредно ниво на знаење за идентификување и одговор на инциденти на сајбер безбедноста, вклучувајќи анализа на инциденти, ублажување на последиците и научени лекции;
- напредно ниво на познавање на развој на апликации за сајбер безбедност, вклучувајќи безбедносна архитектура и процеси на безбедност по дизајн на животниот циклус на развојот, како и
- напредно ниво на познавање на криптографија и обезбедување на податоци и комуникации во различни бизнис сценарија.

Член 6

За стручен надзор се овластува лице кое ги исполнува следните професионални компетенции за надзор:

- професионализам – да има способност да одржува високо ниво на доверливост и секогаш да се дејствува етички при вршење на надзорот;
- прецизност – да има способност да ги идентификува и адресира потенцијалните безбедносни закани;
- комуникациски вештини - да има способност да комуницира ефикасно со претставниците од субјектите на надзорот;
- ефикасно управување со времето - да има способност да се справи со повеќе задачи и приоритети одеднаш;
- организациски вештини – да има способност за следење на повеќе различни информации и да го организира постапувањето по истите;
- прилагодливост – да има способност да се прилагоди на новите технологии и техники, како и
- отпорност - да се соочи со високо ниво на стрес и долго работно време.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-1443/1
23 јуни 2026 година
Скопје

Министер за дигитална
трансформација,
**Стефан Андоновски с.**р.